

# R = 1:2
# R = 1:200

INSTALATION AND HOME VIDEO BY JOVAN SUMKOVSKI 2003/04



R = 1:2
R = 1:200



"Луѓето се одвикнуваат од дарувањето. (...) Наместо тоа се практикува charity, организирано добродетелство кое плански ги заменува видливите ранливи места на општеството." (Адорно, Minima moralia)

Проектот **R=1:2/R=1:200** на Јован Шумковски, проект на којшто тој работеше речиси една година, претставува своевидно сублимирање на неговите претходни искуства во доменот на хетерогените медиуми на изразување. Овој проект логично се надоврзува на концептот на инсталацијата *Над површината*, реализирана во Музејот на град Скопје, 1997 година, но во исто време ја нагласува и потребата за еден константно одржлив континуитет, континуитет што овде се забележува како реминисценција на неговите рани дела, на објектите настанати при крајот на 80-те години, а изложени на неговата самостојна изложба во Музејот на современата уметност во Скопје, 1990 година. И во ова дело, како и во раните објекти тој користи материјали и предмети што ги наоѓа во своето ателје, или некаде ги собира, како стари предмети или отпаден материјал, при што, препознатливото наоѓа свое место во контекстот на новите односи и значење. Способноста за работење со материјалите и нивното комбинирање и осмислување, способноста за совладување на просторот и овде, како и во *Над површината* се артикулира со "светлосен енергенс" којшто ја создава сцената населена со скриени, таинствени светови до кои може да се допре само преку различните погледи коишто ја подразбираат динамиката на гледањето и движењето. Со тоа континуитетот во творештвото на Шумковски се манифестира како своевиден уметнички концепт, како составен дел на внатрешната структура на делото: поместувањето што сега се случува во преминот/релацијата меѓу ликовниот простор и просторот на подвижните слики само укажува на последователноста во текот на неговата ликовна мисла. Сега, наместо заробени одблесоци од минатото, наместо "трагата од некој настан или личност", сцената ја "испишува" говорот на телото. Тоа се случува преку видео записот во кој главната личност, Ноне, зборува за својот однос кон градот: за градот во којшто тој живее, Скопје, но и за градот-модел што Шумковски специјално го создаде за него.

Она што фасцинира во овој проект е фактот што Јован Шумковски "изгради" цел еден град, "голем" град", и тој град, заедно со видеото, е подарок за неговиот пријател од младоста -Ноне, "мал човек", ограничен во своите можности на движење, но не и во своите животни потреби и можности за комуницирање. Пред да започне со процесот на создадавањето на градот, Шумковски исцрта карта којашто служеше како основа за распоредување и комбинирање на огромниот број дрвени модели на урбани објекти во големиот изложбен простор на Музејот. Размерот што тој го употреби во исцртувањето на картата и во изработката на моделите е 1:200, додека размерот 1:2 се однесува на Ноне, на неговата висина во однос на просечната висина на човекот. А како што е познато, висината на човекот и точката на неговото гледање се







R = 1:2
R = 1: 200

единици на секое картографско мерење и исцртување, при што картата не служи само да се измери светот, туку и односот на човекот кон светот. Користејќи го јазикот на картографијата, Шумковски наместо фактографска претстава, всушност создаде една ментална претстава, ментална „слика“ во која имагинарното и реминисцентното се испреплетуват на начин што овозможува еден поинаков поглед и доживување поврзано со градот: тоа е просторно опредметена слика во која светлината насочена кон одредени објекти, овозможува другите објекти да почнат да светкаат, да се одразуваат, умножуваат, градејќи на тој начин нови градови, светови, претстави и значења.

Во рамките на сценичноста на просторот и мисловните модели што овој проект ги нуди преку архитектурата и идејата за урбанитетот, се отвораат најмалку две перспективни можности на гледање: поглед одозгора, птичја перспектива и перспектива како од соништата. Секоја од нив провоцира продлабочување, интензивирање на начинот на гледањето. Просторот, урбаните модели, светлосното прекршување, пробивање и одразување се презентираат на начин

којшто го подразбира кружното движење и гледање. Пандан на овој начин на гледање е алузијата на временскиот круг, на цикличноста во траењето на видеото: крајот како почеток, или почеток без крај. Во овој контекст градот се здобива со размерите на „времето“ во кое ништо не може да се фиксира и осознае во својата стабилност и полнотија, во постојаноста на претпоставените вредности и вистини. На ова се надоврзува и чувството дека онаму каде што требаше да постои центар всушност се наоѓа празно место: оттаму овој град со својата четвороаголност, го погодуваа нашето чувство за средиште, местото на полнотија и смисла , „центарот како место на вистината“ (Барт). Односот на полното и празното се открива и во струкурата на видеото. Јазичната комуникацијата меѓу Ноне и авторот функционира на нивото на досетката, хуморот. А, досетката секогаш имплицира одредено празнење при што се доаѓа до „торзија или реторзија на означителот или енергијата, при што се формира празнина. (... ) Досетката е секогаш читање меѓу редови“ (... ), каде „со еден единствен означител се означува на повеќе

нивоа, од минимумот на означувањето се извлекува максимум на (понекогаш противречни) значења“. (Бодријар)

И тука повторно доаѓа до израз латентната потреба на уметничка мисла на Шумковски од „замаглување на острината на употребените знаци, односно постојаното префрлување на тежиштето од едно ниво на друго“ : наместо постапка на лоцирање на конпиктните, болните места во функционирањето на градот, наместо морализирање или социјално ангажирање, Шумковски користи постапка која функционира по сопствени закони, закони кои не дозволуваат прозирност и директност*.

Но едно е јасно: градот што тој го изгради не е Скопје, тоа е еден имагинарен град, град во чии темели е вградена една огромна уметничка енергија и волја, а пред сé, вграден е еден исклучителен, искрено човечки и хуман гест, гест којшто луѓето денеска се помалку и помалку го практикуваат: **дарувањето.**

* Интересна е сугестијата што Лазо Плавевски ја даде на овој текст, сугестија која укажува на психолошките и социјалните мисловни модели од локална, Імаалскав провениенција и за која сметав дека е значајно во целост да се забележи: IМожеби е само впечаток, но моделите се темелат на некоја Імаалска логикав, маалски хумор , метод кој употребува сурово гигантирани метафори (I..сразмерно намален град..в) за да го избегне прецизното именување на потфатот. Мајтапот треба да ги прекрие сите непотребни шумови затоа што реалноста на вниманието и грижата мора да бидат празно, неименувано и неизговорено местов.

*Лилјана Неделковска*



”People are giving up conferring. (...) Instead, they employ charity, organized benefaction that is intentionally replacing the visible vulnerable places of the society.“ (Adorno, Minima Moralia)

The project R = 1:2/ R = 1:200 of Jovan Sumkovski, a project he’s been working on for almost a year, is a kind of a sublimation of his former experiences in the domain of the heterogeneous expressing media. This project is a logical extension of the concept of the installation ”Above the Surface“, promoted at the Museum of the City of Skopje in 1997, but at the same time it shows the need of a constantly sustainable continuance, a continuance that is shown here as a reminiscence of his early works, of the objects created by the end of the 1980s, and shown at his solo exhibition at the Museum of Contemporary Art in Skopje in 1990. For this artwork, same as his early works, he used materials and objects he had found in is atelier or picked somewhere else, like old things or waste, thus making their recognizable features find their place in the context of the new relations and meanings. Here, as well as in ”Above the Surface“, his ability to work with the materials and combine and arrange them, and his ability to manage the space is articulated through a ”light energetic charge“ that is shaping the scene settled with hidden, mysterious worlds which can be reached only through the different viewpoints that include the dynamics of perception and motion. This is why the continuance of Sumkovski’s artworks is manifested as a kind of an artistic concept, as a constituent of the inner structure of the work: the shift that is going on in the passage/relation between the artistic domain and the domain of the motion pictures only shows the consecution of the stream of his artistic thought. Now, instead of captured reflections of the past, instead of the ”trace of an event or a person“, the scene is ”written“ by the body language. It is achieved by means of the video record where the main character, None, speaks of his attitude towards the city: the city he lives in, Skopje, but also the city - model Sumkovski had created especially for him.

What is fascinating in this project is the fact that Jovan Sumkovski „built“ an entire city, a ”big“ city, and that city, together with the video, is a gift for his friend form his young days - None, a ”small man“, limited in his moving capacities, but not in his life necessities and abilities to communicate. Before he started the process of creating the city, Sumkovski had drawn a map that served as a basis for arranging and combing the large number of wooden models of urban objects in the spacious show room of the Museum. The scale he used for drawing the map and making the models was 1:200, while the scale 1:2 refers to None, to his height in relation to the average human height. And, as we know, the human height and viewpoint are the referent unites of every cartographic measuring and drawing, where the map is meant not only to measure the world but also the relation of man towards the world. So, by means of the cartographic language instead of a factographic image, Sumkovski actually created a mental image, a mental ”picture“ where the imaginary and the reminiscent are permeating in a way that offers a different viewpoint and experiencing of the city: it is a spatially objectified picture where the light directed towards certain objects makes the other objects reflect, sparkle and multiply, and actually create new cities, images and meanings.




Considering the scenic aspect of the space and the thinking models presented through the architecture and the concept of the urban, this project opens at least two perspectives of perception: a view from above and the perspective of a dream. Each of them causes profundity and intensifies the point of perception. The space, the urban models, the light refraction, the breaking and the reflection are presented in a way that presupposes a circular motion and perception. A counterpart to this way of perception is the allusion to the temporal circle, the cyclical quality of the duration of the video: the end as the beginning, or a beginning without an end... In this context the city acquires the proportions of the „time" where nothing can be fixed and comprehended in its stability and fullness, in the constancy of the supposed values and truths. This is complemented by the feeling that the point supposed to be the center is actually an empty space: therefore, this city and its rectangularity touch our sense of midpoint, the point of fullness and meaning, "the center as a place of truth" (Barttes). The relation between the full and the empty is revealed through the structure of the video. The communication between None and the author functions on the level of jests, humor. And the jest always implies a certain emptying which leads to a "torsion or retorsion of the marker or the energy, which leads to creating a void. (...) The jest is always reading between the lines" (...), where "a unique marker marks on several levels, from the minimum marking the maximum of the (sometimes contradictory) meanings is being pulled out." (Baudrillard)

And, here again, we come across Sumkovski's latent need for artistic thought in "blurring the sharpness of the used signs, that is, the constant shift of the center of gravity from one level to another": instead of a process of locating the conflict, painful spots in the city functioning, instead of moralizing or social engagement, Sumkovski applies a process that functions by its own laws, laws that don't allow for transparency and directness. *

But, one thing is obvious: the city he built is not Skopje, it is an imaginary city, a city whose foundations are set upon huge artistic energy and will, and above all, a city that incorporates an extraordinary, sincerely human gesture, a gesture rarely shown today: giving.

* Lazo Plavevski made an interesting suggestion for this text, a suggestion that points to the psychological and social thinking models of local, "neighborhood" provenience, which I considered important to state as a whole: "Maybe it is only an impression, but the models are based upon a certain "neighborhood logic", neighborhood humor, a method that applies cruelly gigantlike metaphors ("...proportionally shrunk city...") in order to avoid the precise labeling of the project. The jest is meant to conceal all the unnecessary noises because the reality of the attention and the care should be a void, unlabeled and unspoken place."

*Liljana Nedelkovska*














R = 1:2
R = 1:200








13:28:10






13:28:10
























R = 1:2
R = 1:200
13:28:10






























Град Скопје и урбанизам ...?




Доста снимавме, град па град ...










































R = 1:2
R = 1:200







**Јован Шумковски**
Роден е во Скопје, 1962. Дипломирал на Факултетот за ликовни уметности во Скопје, 1986. Постдипломски студии завршил на истиот Факултет во 1999. Од 2002. работи како професор на Факултетот за ликовни уметности во Скопје.
Адреса: Т. Ужичка 13, 1000 Скопје
Телефон: 3067 572

**Самостојни изложби:**

1985 Охрид, Велес, Штип, Дом на културата „Григор Прличев", Ликовен салон,
Дом на културата „Ацо Шопов", Експресија во слика
1987 Скопје, Дом на млади „25 Мај"
1988 Белград, Галерија СКЦ (со Драган Петковиќ и Благоја Маневски)
1990 Скопје, Музеј на современата уметност, Профан иконостас-Света слика
1995 Брисел, GC de Zeyp, (со Станко Павлески)
1997 Скопје, Музеј на град Скопје, Над површината
1998 Њујорк, Harbour Cultural Centre, Над површината
2000 Стокхолм, Sculpturens Hus, Ноќна визија (со Милчо Манчевски)
2001 Венеција, 49. венециско биенале, Ноќна визија
2004 Скопје, Музеј на современата уметност, *R=1:2 R=1:200*

**Групни изложби:**

Од 1985. учествува на значајни групни изложби во земјава и во странство: на просторите на бивша Југославија, во Франција, Италија, Англија, Германија, Јапонија, Бугарија, Турција. Учествува на југословенската изложба во Сараево (Документа, 1987. и 1989.). Ја претставува Македонија на 22. Меѓународно биенале во Сао Паоло, 1994. и на 49. Биенале во Венеција, 2001. Учествува на меѓународните изложби во Мурска Собота, Словенија (1995), Нови Сад, Србија и Црна Гора (1996), Вилниус , Литванија (Мултилингуални пејзажи, 1996), Јена, Германија (Имагинација-Романтизам, 2001).

Jovan Šumkovski
Born 1962 in Skopje, the Republic of Macedonia. B.F.A., Faculty of Fine Arts Skopje 1986. M.F.A., Faculty of Fine Arts Skopje 1999. From 2002 became a professor on the Faculty of Fine Art in Skopje.
Address: T. Uzicka 13, 1000 Skopje, Macedonia
Tel: ++389(0) 2 306 7572

**Solo Exhibitions:**

1985 Ohrid, Macedonia, Grigor Prlicev Cultural Centre
Veles, Macedonia, Art Salon
Stip, Macedonia, Aco Sopov Cultural Centre, *Expression in the Image*
1987 Skopje, Macedonia, Gallery of the 25th May Youth Centre
1988 Belgrade, Serbia & Montenegro, SKC Gallery
1990 Skopje, Macedonia, Museum of Contemporary Art
1995 Brussels, Belgium, DeZeyp Gallery (with Stanko Pavlevski)
1997 Skopje, Macedonia, Museum of the City of Skopje, Above *the Surface*
1998 New York, USA, Snug Harbour Cultural Centre, *Above the Surface*
2000 Stockholm, Sweden, Sculpturens Hus, *Night Vision*
2001 Venice, Italy, 49th Venice Biennale, *Night Vision*
2004 Skopje, Museum of Contemporary Art, *R=1:2 R=1:200*

**Group Exhibitions:**

From 1985 participates in many group exhibitions of Macedonian art in the country and abroad: Bosnia, Croatia, Serbia & Montenegro, Slovenia, France, Italy, England, Germany, Japan, Bulgaria, and Turkey. Participated in the Yugoslav exhibitions in Saraevo, Bosnia (Dokumenta 1987 and 1989). Represented Macedonian art at the 22nd International Biennial in Sao Paulo, 1994 and at the 49th Venice Biennale, 2001. Took part in the international exhibitions in Murska Sobota, Slovenia (1995), Novi Sad, Serbia & Montenegro (1996), Vilnius, Lithuania (Multilingual Landscape, 1966) and Jena, Germany (Imagination-Romanticism, 2001)




видео: Јован Шумковски; монтажа: Стојан Андонов, Лазар Секуловски
продукција: ВИДЕО ЛАБОРАТОРИЈА ЦЕНТАР ЗА МЕНТАЛНО ЗДРАВЈЕ 20003/2004
издавач: Музеј на современата уметност, Скопје
за издавачот: Емил Алексиев
текст: Лилјана Неделковска
фотографии: Лазо Плавевски, Васко Поповски, Маријан Денков
превод на англиски: Маја Хаџимитрова-Иванова
дизајн: Јован Шумковски
печати: Скентпоинт, Скопје
тираж: 500
реализација: Музеј на современата уметност, Скопје
февруари 2004
Благодарност на младите колеги кој помогнаа во поставување на проектот: Баци, Натали, Тихи, Мац, Вељо, Брада, Жико
video by: Jovan Sumkovski; edited by Stojan Andonov, Lazar Sekulovski
production: VIDEO LABORATORY CENTER FOR MENTAL HEALTH 2003/2004

published by: Museum of Contemporary Art, Skopje
for the publisher: Emil Aleksiev
text: Liljana Nedelkovska
photographs by: Lazo Plavevski, Vasko Popovski, Marijan Denkov
translated by: Maja Hadzimitrova-Ivanova
design: Jovan Sumkovski
printed by: Skenpoint, Skopje
edition of 500
realization: Museum of Contemporary Art, Skopje
February 2004

Изложбата и каталогот се реализирани со финансиска подршка од Министерството за култура на Република Македонија.
The Ministry of Culture of the Republic of Macedonia has financially supported the exhibition and the catalogue.

ISBN 9989-703-62-0

Министерство за култура

SKENPOINT



MUSEUM OF CONTEMPORARY ART SKOPJE 2003/04